# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

## ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

2024 – 2028

# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ ВО ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

2024-2028

Развивањето на оваа Стратегија за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за периодот 2024-2028 година е поддржано во рамките на проектот на UN Women „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија – Фаза 2“ финансиран од Швајцарија и програмата „Промовирање на родово одговорно управување во Република Северна Македонија“ финансирана од Шведска.

Мислењата и ставовите изразени во оваа публикација се мислења и ставови на авторите и нужно не ги претставуваат мислењата и ставовите на UN Women, Обединетите нации или на другите придружни организации, или на Швајцарија и Шведска како донатори.

Овој документ е изготвен од Општина Кисела Вода и Комисијата за еднакви можности на Советот на Општина Кисела Вода со менторска поддршка од Наташа Амдију и заменик-координаторката за еднакви можности во Општина Кисела Вода Цветанка Тодоровска.

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development
and Cooperation SDC

Sweden
Sverige

UN WOMEN

# СОДРЖИНА

| | |
|---|---|
| **Предговор – Обраќање од градоначалникот** | 5 |
| **1. Вовед** | 6 |
| 1.1. Правна основа | 7 |
| 1.2. Процес на подготовка на Стратегијата | 8 |
| 1.3. Визија, мисија, начела и заложби | 8 |
| **2. Анализа на контекстот** | 10 |
| 2.1. Родов баланс во управувањето во Општината | 10 |
| 2.2. Родова еднаквост и образование | 12 |
| 2.3. Родовата еднаквост во социјалната заштита | 18 |
| 2.4. Родова еднаквост и вработување | 20 |
| 2.5. Извештај за Перспективите на жените и мажите во Општина Кисела Вода | 22 |
| **3. Стратегиски приоритети и цели 2024-2028** | 25 |
| 3.1. Градење ефективен и ефикасен систем на еднакви можности меѓу жените и мажите на локално ниво | 25 |
| 3.2. Вклучување на родовата перспектива во тематски области | 26 |
| **4. Акциски план за еднакви можности меѓу жените и мажите на Општина Кисела Вода за 2024-2028 година** | 27 |



# ПРЕДГОВОР

Почитувани,

Ми претставува особена чест и задоволство да ви ја претставам Стратегијата за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за периодот 2024-2028 година. Овој документ ги вклучува приоритетите на граѓан(к)ите од Општина Кисела Вода, кои Советот ги препозна во насока на унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите преку организација и остварување на визијата за креирање општина што е инклузивна, фер, безбедна и со почит кон сите граѓани.

Општина Кисела Вода верува дека унапредувањето на еднаквите можности меѓу жените и мажите е од клучно значење за да се постигне благосостојба на граѓаните. Стратегијата произлегува од заложбите на Општината за унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите, загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија, како и од меѓународните заложби изразени со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, Светската декларација за жените во локалната самоуправа и Европската повелба за еднаквост на жените и мажите во локалниот живот. Воедно, Општина Кисела Вода се стреми преку своите активности да ја воведе родовата интеграција во своите годишни програми и стратегиски документи (дефинирана од Економско-социјалниот совет на ОН во 1997 година), како во планирањето, така и во нивното имплементирање.

Силно верувам дека донесувањето и спроведувањето на оваа Стратегија, ќе придонесе кон справување со постојаните нееднакости и бариери со кои се соочуваат жените и девојчињата, водејќи сметка за нивните повеќекратни ранливости. Во изработката на Стратегијата учествуваа и граѓан(к)ите. Предлозите и мислењата на граѓан(к)ите се вклучени во програмите и во буџетите на Општината, односно родовата интеграција во програмите е наша постојана работа и заложба, со цел жените и мажите од Општина Кисела Вода да имаат еднаква корист и пристап до ресурсите.

Градоначалник

Орце Ѓорѓиевски

# 1. ВОВЕД

Тргнувајќи од еднаквоста меѓу жените и мажите како фундаментално право, Интерсекторската група за унапредување на еднаквите можности меѓу мажите и жените, иницирана од Канцеларијата на UN Women во Северна Македонија, ја подготви Стратегијата за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Кисела Вода за периодот 2024-2028. Процесот на подготовка на Стратегијата траеше од април 2023 година до февруари 2024 година со менторска поддршка од Наташа Амдију, ангажирана од Канцеларијата на UN Women во земјата. Стратегијата е усвоена на ден 08.07.2024 година на 42 Седница на Советот на Општина Кисела Вода.

Општина Кисела Вода е свесна дека мажите и жените имаат различен пристап до ресурсите и моќта за одлучување. Затоа, неопходна е сеопфатна акција за изедначување во можностите на жените и мажите, девојчињата и момчињата во сите сфери од општественото живеење.



Според националните и меѓународно преземените обврски, Општината има одговорност и обврска да го инкорпорира прашањето на еднаквите можности меѓу жените и мажите и да се стреми кон изградба на инклузивна и фер заедница за жените и мажите, за девојчињата и момчињата.

Еднакви можности меѓу жените и мажите во локалните политики треба да се интегрираат во јадрото на сите мерки и акции, преку родови анализи; пристап до инфраструктура; планирање и употреба на земјиштето; промовирање на жените на раководни функции; работни места; спорт и рекреација и пристап до услугите.

Стратегијата се заснова на два клучни стратегиски приоритети, кои се фокусираат на: 1) градење ефективен и ефикасен систем за еднакви можности меѓу жените и мажите на локално ниво; и 2) вклучување на родовата перспектива во тематски области. Во линија со Националната стратегија за родова еднаквост 2021-2026, негување/градење култура на еднакви можности и промоција на еднаков третман и антидискриминација се интегрирани во овие стратегиски приоритети. Ова се клучните прашања преку кои Општина Кисела Вода стратегиски ќе пристапи кон надминување на родовата нееднаквост.

## 1.1. Правна основа

Со Уставот на Република Северна Македонија се гарантира дека „граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло и верското уверување, имотната и општествената положба". Националната стратегија за родова еднаквост 2021-2026 ја црпи основата од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" бр. 6/2012), а е тесно поврзана и со Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на РСМ" бр. 258/2020). Уште во далечната 2006 година беше донесен Законот за еднакви можности на мажите и жените, кој всушност ги постави основите за креирање родово сензитивна политика (со назначување координатори за еднакви можности во секое од министерствата и основање на комисиите за еднакви можности во секоја општина). Ова придонесе за зголемување на свесноста за еднаквите можности меѓу жените и мажите.

Стратегијата за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите на Општина Кисела Вода 2024-2028 исто така се заснова на Законот за еднакви можности на мажите и жените и на Стратегијата за родово одговорно буџетирање донесена во јули 2012 година.

Дополнително, постојат повеќе клучни меѓународни документи за родова рамноправност, кои одат во поддршка на оваа локална стратегија:

- РСМ е потписничка на Пекиншката декларација и Платформа за акција (1995)
- Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW/ЦЕДАВ)
- Стратегијата за родова еднаквост на Советот на Европа 2018 – 2023
- Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулска конвенција) ратификувана во 2017 година
- Целите за одржлив развој од Агендата за одржлив развој 2030 (2015 година сите земји членки на ООН ги усвоија целите). Цел 5 од Целите за одржлив развој е „Постигнување родова еднаквост и зајакнување на сите жени и девојчиња" и се однесува конкретно на постигнување родова еднаквост преку воведување мерки за постигнување 9 конкретни цели за унапредување на положбата на жените во светот. Во 2018 година, Владата на РСМ, преку Националниот совет за одржлив развој, утврди пет приоритетни ЦОР (1, 4, 8, 13 и 16).

Како членка на НАТО (од 2020 година), РСМ се обврза за примена на начелото за интеграција на родовата перспектива во сите политики и мерки што се однесуваат на мирот и на безбедноста, односно Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на ОН, која ја воведе Агендата за „Жени, мир и безбедност" од 2000 година, а сега вклучува 9 дополнителни резолуции (1820, 1888, 1889, 1960, 2106, 2122, 2422, 2467 и 2493).

## 1.2. Процес на подготовка на Стратегијата

Со цел да се обезбеди вистинско учество на сите граѓан(к)и на Општина Кисела Вода, во периодот од октомври 2023 до февруари 2024 година, Општината организира повеќе консултативни средби со граѓан(к)ите преку месните заедници со фокус на унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите, момчињата и девојчињата. Воедно, на страницата на Општината беше поставен прашалник за родовата перспектива во Општината, кој имаше за цел да ја процени состојбата и да ги идентификува родовите јазови во Општина Кисела Вода. Според наодите од анализата на прашалникот, се дефинираа стратегиските правци и се дизајнираа сет мерки за унапредување на еднаквите можности за сите.



## 1.3. Визија, мисија, начела и заложби

### ВИЗИЈА:

Општина Кисела Вода инклузивна, фер, безбедна и со почит кон сите граѓани.

### МИСИЈА:

Родово еднакви во политики и во практика

## НАЧЕЛА И ВРЕДНОСТИ:

Во имплементацијата на Стратегијата, Општината тргнува од *Пристапот заснован на човекови права*. Општината се стреми кон интеграција на стандардите и на начелата на човековите права како во процесите на креирањето на политиките, така и во нивното секојдневно работење. Пристапот заснован на човекови права значи дека сите форми и видови дискриминација во остварувањето на правата, мора да бидат забранети, спречени и елиминирани.

**Еднаквост и недискриминација.** За почитување на начелото, Општината преку своите активности ги приоритизира потребите на маргинализираните и на ранливите групи, со цел да се намалат пречките за пристап до права.

**Учество**. Општината се стреми секому да му овозможи активно да учествува во креирање и донесување одлуки што ги засегаат неговите човекови права креирајќи предуслови преку своите програми.

**Одговорност/отчетност**. Општината редовно го следи почитувањето на стандардите за човекови права преку имплементацијата на законите, на политиките, проактивноста на институциите и олеснување на административните процедури, а воедно редовно известува за напредокот.

**Зајакнати носители на права.** Општината се стреми да обезбеди активно учество во развојот на политики и практики на сите.

**Законитост.** Општината се води од постулатите за ефективна имплементација на националното и на меѓународното право за правата на човекот.

За да може да ги примени овие начела, Општината креира т.н. овозможувачки фактори што влијаат позитивно/негативно на еднаквиот пристап до права за сите. Услугите на Општината треба да бидат пристапни, достапни, прифатливи (на цена) и со висок квалитет за сите (анг. Accesibility, Availability, Affordability, Quality – AAAQ). Воедно, секое лице, без разлика на пол/род, етничка припадност, попреченост, место на живеење и други карактеристики, треба да има избор од списокот на услуги, а не да има пристап само до една услуга, приспособена на неговите способности и потреби.

Во тој контекст, почитувајќи ги различностите и стремејќи се да постигне фактичка еднаквост, Општината тргнува од начелата на интерсекционалност, гарантирајќи инклузивност, односно разбирање за различните потреби и одговор за нив.

# 2. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ

Според официјалниот попис на населението од 2021 година, бројот на жители во пштината Кисела Вода изнесува вкупно 61.965 жители, од кои мажи се вкупно 29.961 (48,4 %), додека жени се 32.004 (51,6 %). Етничката структура на населението е следна: Македонци – 52.030 (83,9 %), Албанци – 418 (0,6%), Турци – 732 (1,1%), Роми – 467 (0,75%), Власи – 636 (1,02 %), Срби – 953 (1,5 %), Бошњаци – 581 (0,93 %), други неспоменати 653 (1,05 %), не се изјасниле 15 (0,02 %) и непознато 21 – (0,03 %). Образовната структура во Општината Кисела Вода, според објавените податоци од последниот спроведен Попис во 2021 година, е следна: не посетува образование – 46.429 (74,9 %), основно образование – 5.480 (8,8 %), со средно образование – 2.369 (3,8 %), со високо образование – 3.528 (5,6 %), магистратура имаат 615 лица (0,9 %) и докторат 94 лица (0,1 %), непознато 349 (0,5 %). Процентуалната невработеност во Општината изнесува 54,6 % мажи, наспроти 45,3 % невработени жени. Стапката на невработеност на територијата на Општината изнесува 7,2 %, додека стапката на вработеност изнесува 92,8 %[1]. Податоците покажуваат пораст на вкупниот број жители во Општината, но соодносот на жени-мажи останува ист како и претходно.



Теоријата и практиката покажуваат дека поголемата вклученост на жените во одлучувачките процеси овозможува да бидат земени предвид потребите на жените и нивните интереси. Поради тоа во анализата на состојбата во Општината, најпрво се прави оцена на родов баланс во одлучувањето.

## 2.1. Родов баланс во управувањето во Општината

Податоците презентирани во табела бр. 1 покажуваат почитување на родовиот баланс во Советот на Општина Кисела Вода. Од вкупно 23 советници, 10 се жени (43 %).

Од табелата што ни е прикажана подолу, може да се забележи дека и во однос на жителите во Општината нема голема разлика помеѓу бројот на жени и мажи односно Општина Кисела Вода има за 2.043 повеќе жителки.

[1] Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Северна Македонија, 2021 – прв сет податоци, 30.3.2022 година, ДЗС, достапен на линк: *https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/2.1.22.10Popis-mk-en.pdf*

Од друга страна, пак, процентот на жени советнички од 2017 година е еднаков со бројот на жени советнички што се во овој состав. Ова учество, секако, е резултат на квотите, односно на законската обврска за минимум 40 % застапеност на помалку застапениот пол на советничките листи, но повеќе од тоа не се обезбедува.

**Табела 1:** Жители и советници/чки во Кисела Вода по пол

| | Број жени | Број мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Жители во Општината** | 32.004 | 29.961 | 61.963 |
| **Советници во Советот на Општината** | 10 | 13 | 23 |

Општинската администрација брои вкупно 139 вработени, од кои 88 од вработените се од женскиот пол додека 51 од вработените се мажи, односно 63,3 % жени и 36,69 % мажи. Иако разликата во бројот на вработени жени е поголема за 26,61 %, сепак воочливо е дека односот на бројот на раководители (18 жени и 17 мажи) е речиси еднаков.

**Табела 2:** Вработени во Општина Кисела Вода по пол

| | Број жени | Број мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Вкупно вработени во општинска администрација** | 88 | 51 | 139 |
| **Раководители на сектори** | 18 | 17 | 35 |

Општина Кисела Вода во својот состав има само едно Јавно комунално претпријатие Кисела Вода 2022 Скопје. ЈП Кисела Вода 2022 Скопје е основано од Советот на Општина Кисела Вода, со одлука на основање во 2018 година. На раководни позиции се три лица од женски пол и четири лица од машки пол. На позиција директор/ка е лице од машки пол, додека, пак, претседател/ка на Управниот одбор е жена.

Домот на културата „Билјана Беличанец" во 2016 беше реновиран и службено пуштен во употреба од вкупно пет (5) лица кои се во управниот одбор – три се мажи, а две се жени. На позиција директор/ка е лице од машки пол, додека на позицијата претседател/ка на Управниот одбор е жена. И овде како и со ЈП има баланс во односот на мажи и жени, но сепак може да се забележи дека директорското место им припаѓа на мажите.

Општината при именувањето водела сметка за родов баланс, но сепак на клучните (и платени) позиции вработени (директори) се мажи.

**Табела 3:** Директор/ка и членови на Управен одбор во јавни претпријатија 2024

| | Мажи | Жени | Вкупно | Претседател/ка (маж или жена) | Директор/ка (маж или жена) |
|---|---|---|---|---|---|
| **ЈКП Кисела Вода 2022 Скопје** | 4 | 3 | 7 | жена | маж |
| **Дом на Културата „Билјана Беличанец"** | 3 | 2 | 5 | жена | маж |

*Извор: Општина Кисела Вода*



## 2.2. Родова еднаквост и образование

Според статистичките податоци од основните и од средните училишта, може да се забележи поголема застапеност на жените во советите на родители и во училишните одбори. Според податоците се доаѓа до заклучок дека сè уште преовладуваат родовите стереотипи и дека жените се тие што повеќе се грижат за децата, со посебен акцент на образованието што секогаш се припишува на поврзаност со мајката/жената во семејството/општеството. Овој вид стереотип треба да се надмине дека мајката е таа што треба да се грижи за детето, така што татковците ќе бидат поактивно вклучени во образовниот процес на децата. На територијата на Општината Кисела Вода има вкупно 2 установи за предшколска возраст, 8 основни училишта и 2 средни училишта.

Во основните училишта во општина Кисела Вода бројот на ученици по пол е речиси изедначен.

Податоците за вклученоста во основното образование во Општина Кисела Вода зборуваат за континуирано намалување на бројот на ученици/чки по учебни години, освен последната година.

**Табела 4:** Ученици во основни училишта, по пол и учебни години во Општина Кисела Вода

| | 2020/2021 | | | 2021/2022 | | | 2022/2023 | | | 2023/2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно |
| ООУ „Круме Кепески“ | 386 | 337 | 723 | 391 | 320 | 711 | 396 | 331 | 727 | 392 | 338 | 730 |
| ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ | 477 | 487 | 964 | 488 | 498 | 986 | 487 | 492 | 979 | 478 | 509 | 987 |
| ООУ „Невена Георгиева -Дуња“ | 298 | 289 | 587 | 304 | 302 | 606 | 308 | 310 | 618 | 320 | 332 | 652 |
| ООУ „Партенија Зографски“ | 242 | 268 | 510 | 248 | 271 | 519 | 264 | 255 | 519 | 244 | 248 | 492 |
| ООУ „Кузман Јосифовски - Питу“ | 325 | 312 | 637 | 334 | 304 | 638 | 291 | 351 | 642 | 344 | 293 | 637 |
| ООУ „Рајко Жинзифов“ | 455 | 399 | 854 | 428 | 358 | 786 | 453 | 363 | 816 | 442 | 368 | 810 |
| ООУ „Кузман Шапкарев“ | 355 | 315 | 670 | 354 | 301 | 655 | 362 | 332 | 694 | 343 | 309 | 652 |
| ООУ „Св. Климент Охридски“ | 217 | 206 | 423 | 216 | 206 | 422 | 216 | 198 | 414 | 207 | 204 | 411 |
| Вкупно | **2755** | **2613** | **5368** | **2763** | **2560** | **5323** | **2777** | **2632** | **5409** | **2770** | **2601** | **5371** |

*Извор: Стручна служба од ООУ*

Бројот на машки деца запишани во однос на бројот на женски деца е нешто поголем, иако, ако ги погледнеме податоците од табела 1, ќе видиме дека Општината Кисела Вода има поголем број од популацијата од женски пол.

Од табела број 5 може да се забележи дека во 2023 година од областа на науката има 120 наградени ученички и 70 наградени ученици. За награди од областа на спортот се гледа дека поголем број наградени ученици/чки се машки (89) во однос на женски (66). Ова ни укажува дека се потребни мерки за стимулирање на момчињата, односно постигнување подобри резултати во науката, додека во спортот е потребно анимирање на девојчињата.

**Табела 5:** Ученици во основните училишта во Општината Кисела Вода, кои добиле награди за талентирани ученици во област на наука и спорт

| Област | Наградени ученици област наука | | | Наградени ученици област спорт | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Година** | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** | **Машки** | **Женски** | **Вкупно** |
| **2023** | 70 | 120 | 190 | 89 | 66 | 155 |



Од прикажаната **табела број 6** може да се забележи дека бројот на наставнички во основно образование е драстично поголем споредено со бројот на наставници.

**Табела 6:** Број наставници и наставнички во основно образование

| Учебна година | Вкупно | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| **2020/2021** | 415 | 357 | 58 |
| **2021/2022** | 426 | 365 | 61 |
| **2022/2023** | 433 | 366 | 67 |
| **2023/2024** | 513 | 426 | 87 |

*Извор: Годишна програма за работа на училиштето; Годишен извештај за работа на училиштето.*

Во однос на образованието, податоците со кои се располага укажуваат на тоа дека во Советот на родители поголем број од членовите се жени и тоа речиси 3 пати повеќе во однос на мажите што донекаде и укажува на стереотипите дека мајките односно жените повеќе водат грижа околу образовниот процес на децата. Од табелата број 7 се гледа дека дури 77,68 % членови на Советот во основните училишта на територијата на Општината Кисела Вода се жени, а мажи се 22,31 %.

**Табела 7:** Број членови на Совет за родители во основни училишта 2023 година

| | Вкупно | Жени | Мажи |
|---|---|---|---|
| **2023/2024** | 233 | 181 | 52 |

Од табелите број 7 и 8 може да се види бројот на Совет на родители по училишта, но и бројот (по пол) на претставници во Училишниот одбор. Ако се соберат податоците од осумте основни училишта што се наоѓаат на територијата на Општината Кисела Вода, ќе се забележи дека во училишните одбори има вкупно 17 жени и 39 мажи, и бројот на директори е изедначен односно има ист број, по четири директорки и четири директори.

Според податоците во четири (4) од вкупно осум (8) основни училишта, на позицијата директор/ка се назначени жени. Во двете средни училишта на позицијата директор/ка се жени. Евидентно е дека и во советите на родители и во училишните одбори поголем број се жени.



**Табела 8:** Учество на мажите и жените во раководење со основните училишта

| Основни училишта | Совет на родители 2023/2024 | | Училиштен одбор 2023/2024 | | Директор/ка (маж или жена) |
|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | |
| ООУ „Круме Кепески“ | 7 | 28 | 2 | 5 | Ж |
| ООУ „Кирил Пејчиновиќ“ | 10 | 29 | 3 | 4 | М |
| ООУ „Невена Георгиева –Дуња“ | 6 | 21 | 3 | 4 | Ж |
| ООУ „Партенија Зографски“ | 4 | 16 | 1 | 6 | М |
| ООУ „Кузман Јосифовски – Питу“ | 6 | 23 | 2 | 5 | М |
| ООУ „Рајко Жинзифов“ | 12 | 27 | 1 | 6 | М |
| ООУ „Кузман Шапкарев“ | 5 | 20 | 2 | 5 | Ж |
| ООУ „Св. Климент Охридски“ | 2 | 17 | 3 | 4 | Ж |
| **Вкупно** | **52** | **181** | **17** | **39** | **4/4** |

Бројот на ученици во двете средни училишта во Општината Кисела Вода бележи намалување во последните три години, па нема значителна разлика помеѓу женските и машките ученици. Иако општината бележи позитивен природен пораст на населението, ова намалување на бројот на учениците во средните училишта се должи на миграциите.

Ако се анализира табелата 9, може да се забележи дека во СУГС „Браќа Миладиновци" Скопје, во кое учениците стекнуваат гимназиско образование и образование од земјоделско-ветеринарната струка, има повеќе запишани машки деца, додека, пак, во СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен", кое е средно економско правно училиште, има поголем број запишани женски деца. И овде се гледа родовиот стереотип односно дека земјоделско-ветеринарната струка е повеќе „машка" струка. Исто како и во основните училишта, бројот на ученици во двете средни училишта во Општината Кисела Вода бележи намалување во последните три години.



**Табела 9:** Ученици во средни училишта во Општина Кисела Вода, по пол и учебни години

| Средни училишта | 2020/2021 | | | 2021/2022 | | | 2023/2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно | М | Ж | Вкупно |
| СУГС „Браќа Миладиновци" Скопје | 195 | 96 | 291 | 171 | 89 | 260 | 141 | 78 | 219 |
| СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен" | 604 | 965 | 1569 | 545 | 923 | 1468 | 525 | 885 | 1410 |

*Извор: Службени извештаи; ЕСАРУ систем*

Како во основните така и во средните училишта бројот на наставнички е поголем за разлика од бројот на наставници. Родовата улога на жената е мошне забележителна во образованието. Самите податоци покажуваат дека постои поделба на работите на машки и женски, односно одредени професии или области се сметаат традиционално за машки или за женски, и жените доминираат во образованието. Така и во Општина Кисела Вода жените доминираат во образовните професии.

Иста е ситуацијата во однос на вработени професори и професорки како и со основното образование, односно има поголем број професорки во однос на професори. Родовата улога на жената е мошне забележителна во образованието. Самите податоци покажуваат дека постои поделба на работите на машки и на женски, односно одредени професии или области се сметаат традиционално за машки или за женски, и жените доминираат во образованието. Така и во Општина Кисела Вода жените доминираат во образовните професии.

**Табела 10:** Професори/професорки во средните училишта во Општина Кисела Вода, по пол и по учебна година

| | 2021/2022 | | | 2022/2023 | | | 2023/2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **М** | **Ж** | **Вкупно** | **М** | **Ж** | **Вкупно** |
| СУГС „Браќа Миладиновци“ Скопје | 32 | 34 | 66 | 26 | 36 | 62 | 24 | 32 | 56 |
| СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“ | 14 | 90 | 104 | 14 | 89 | 103 | 15 | 92 | 107 |
| **Вкупно** | **46** | **124** | **170** | **40** | **125** | **165** | **39** | **124** | **163** |

*Извор: Службени извештаи; ЕСАРУ систем*

Ако се погледнат податоците во однос на раководните позиции во средните училишта, ќе се забележи дека директорки и во двете училишта се жени. Во однос на советите на родители, има двапати повеќе жени, додека во училишните одбори бројките се приближуваат (12 жени и 10 мажи).



**Табела11:** Учество на мажите и жените во раководење со средните училишта

| Средни училишта | Совет на родители 2023/2024 | | Училиштен одбор 2023/2024 | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **М** | **Ж** | **М** | **Ж** | **Директор/ка** |
| **СУГС „Браќа Миладиновци“ Скопје** | 3 | 5 | 6 | 5 | маж |
| **СЕПУГС „Васил Антевски – Дрен“** | 2 | 6 | 4 | 7 | жена |

Во Општина Кисела вода доминираат жените – професорки, наставнички, негувателки и воспитувачки (последните прикажани во секцијата 2.3. Социјална заштита).

## 2.3. Родовата еднаквост во социјалната заштита

Во однос на еднаквиот пристап до права од социјалната заштита, интересно е дека во 2023 година повеќе припаднички на женскиот пол добиле еднократна парична помош (69 жени, 43 мажи). Понатамошните анализи и консултации со Општината покажуваат дека помошта најчесто се користи за лекување. Потребата од поликлиника и пристап до здравствени услуги беше потенцирана од граѓан(к)ите и преку спроведеното истражување на локално ниво и на дебата со месните заедници одржана во октомври 2023 година.

**Табела 12:** Број доделени средства за еднократна парична помош за 2023 година

| Област | Еднократна парична помош | | |
|---|---|---|---|
| Година | Машки пол | Женски пол | Вкупно |
| 2023 година | 43 | 69 | 115 |



Во Општина Кисела Вода има две централни градинки со 14 клона. Според податоците што ги има од Пописот од 2021 година, бројот на деца до 5 години изнесува 3.101, а капацитетот на градинките што се наоѓаат на територијата на Општина Кисела Вода кои се исполнети максимално изнесува 2.350 деца.

**Табела 13:** Установи за згрижување деца на претшколска возраст во 2024

| Број згрижени деца | Мажи | Жени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Државни градинка „8 Март“ | 591 | 585 | 1176 |
| Државни градинка „Весели цветови“ | 614 | 560 | 1174 |
| Вкупно | **1205** | **1145** | **2350** |

*Извор: Стручна служба од ЈДГ*

Општина Кисела Вода е со доминантно македонско население и има згрижено повеќе деца што се од македонска националност.

**Табела 14:** Број запишани деца во градинки по пол и етничка припадност во Општина Кисела Вода во 2023 година

| Етничка структура | Македонци | Албанци | Турци | Роми | Срби | Бошњаци | Власи |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ЈГД „8 Март“ | 1117 | 6 | 5 | 11 | 2 | 33 | 2 |
| ЈГД „Весели цветови“ | 1170 | / | 1 | 3 | / | / | / |

Родови разлики не се забележуваат во овој дел. Од друга страна, според официјалните достапни податоци, бројот на вработени незначително се зголемил, но застапеноста на мажите во детските градинки во Општина Кисела Вода е на ниско ниво. Сето ова покажува дека треба да се работи на подигнување на свеста кај мажите за вработување во градинките и со тоа да се надмине овој родов дисбаланс.

Ако се погледне табелата број 15, се гледа дека бројот на вработени се зголемил. Во градинките далеку поголем е бројот на жени вработени во однос на мажите. Ова уште еднаш го потврдува фактот за стереотипите што преовладуваат за т.н. женски и машки професии. Сето ова покажува дека треба да се работи на подигнување на свеста кај мажите за вработување во градинките и со тоа да се надмине овој родов дисбаланс.

**Табела 15:** Вработени во установи за згрижување (детска градинка) по пол и години во Општина Кисела Вода

| | | Вработени | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | Жени | Мажи |
| Детска градинка „Весели цветови“ | 2021/2022 | 120 | 111 | 9 |
| | 2022/2023 | 120 | 112 | 8 |
| | 2023/2024 | 120 | 112 | 8 |
| Детска градинка „8 Март“ | 2021/2022 | 134 | 127 | 7 |
| | 2022/2023 | 133 | 125 | 8 |
| | 2023/2024 | 149 | 141 | 8 |

*Извор: Стручна служба од ЈДГ*

Мали групни домови за деца без родители постојат на територијата на општината, но тие се во надлежност на Центарот за социјални работи.

Во Општина Кисела Вода има приватни старечки домови, но Општината нема официјални податоци за број корисници/чки и вработени.

Дополнителните истражувања покажуваат дека постојат седум приватни старечки домови со капацитет од 276 легла. Од вкупниот број домови, има 4 директорки.

Во однос на доделени средства за еднократна парична помош за новороденчиња за 2023 година имаат примено 410 жители на Општината, од кои 191 се припадници на машкиот пол додека 219 се припадници на женскиот пол.

**Табела 16:** Број доделени средства за еднократна парична помош за новороденчиња за 2023 година



| **Област** | **Еднократна парична помош** | | |
|---|---|---|---|
| **Година** | **Мажи** | **Жени** | **Вкупно** |
| **2023 година** | 191 | 219 | 410 |

## 2.4. Родова еднаквост и вработување

Информациите за профилите на невработените лица треба да бидат земени предвид кога се планираат мерки за локален економски развој, но секогаш мора да се внимава на фактот дека станува збор само за дел од реално невработените лица во општината. Понатаму, сите постојни мерки за вработување и самовработување во нашата држава се достапни за користење само за тие што се регистрирани како активни баратели на работа. Тоа значи дека практично најранливите категории се изоставени од тие мерки (жени, население од рурални средини). Општинските власти, при креирање на локалните мерки, треба да дејствуваат во насока на обезбедување услуги и поддршка за тие групи што не ги исполнуваат критериумите за мерките на централно ниво. Во таа насока, иницијативата на Општина Кисела Вода за поддршка на млади претприемачи е позитивен пример за локална политика што треба да одговори на дел од предизвиците во локалната заедница, намалување на

сиромаштијата и зголемување на социјалната кохезија. Оваа иницијатива ќе даде посебен фокус на жените, особено жените од руралните средини, со цел нивно економско јакнење и инклузија.

Податоците од табелата бр. 17 издадени од Агенција за вработување прикажани во табелата подолу покажува дека родов дисбаланс постои кај лицата што бараат работа, а имаат непотполно средно образование (поголем лица се од машки пол) и кај лица што бараат работа, а имаат завршено високо образование и средно (поголем број лица се од женски пол). Потребно е да се испита зошто жените со средно и високо образование се помалку атрактивни да најдат работа отколку мажите и во кои сектори се нивните професии за Општината да направи соодветни програми за отворање работни места онаму каде што е потребно или да промовира програма за дообука и за преквалификација.

**Табела 17:** Структура на невработени според образование

| Образование | Вкупно | Жени |
|---|---|---|
| **Невработени** | 1036 | 511 |
| **Без образование и со основно** | 309 | 184 |
| **Непотполно средно** | 161 | 59 |
| **Завршено средно** | 357 | 182 |
| **Вишо образование** | 10 | 5 |
| **Високо образование** | 122 | 77 |
| **Магистри на науки** | 6 | 4 |
| **Доктори на науки** | 0 | 0 |

Според податоците од Централниот регистар (Табела 18) добиени на барање на Општината во јули 2023 година, на територијата на Општина Кисела Вода има речиси двојно повеќе фирми каде што сопственици се мажи, наспроти фирми во сопственост на жени. Ова укажува на потребата од поттикнување и поддршка на женското претприемништво, односно охрабрување и поддршка на фирми управувани од жени.

**Табела 18:** Вкупно активни правни субјекти во Општина Кисела Вода

| Година | Жени | Мажи | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **2020** | 1866 | 3592 | 4987 |
| **2021** | 1882 | 3674 | 5055 |
| **2022** | 1984 | 3791 | 5194 |

## 2.5. Извештај за Перспективите на жените и мажите во Општина Кисела Вода



Прашалникот за **Перспективите на жените и мажите во Општина Кисела Вода** е спроведен во рамките на Програмата за еднакви можности на Општина Кисела Вода. Во периодот од октомври до декември 2023 година, вкупно 48 испитаници учествувале во истражувањето. Од вкупниот број испитаници/чки најголемиот број се жени, 77,1 %, а само 22,9 % од испитаниците/чките се мажи.

Кај испитаниците/чките постои разнообразност во однос на возраста, местото на живеење и грижата за децата. Најголем број, 52,1 %, се наоѓа во возрасна група од 41 до 50 години, а само 4,1 % се на возраст од 65 години и повеќе. Високи 95,8 % испитаници се од урбана средина, додека само 2,1 % се од рурална средина. Во однос на грижата за децата, структурата е шарена, со различен процент на грижа за деца во различни возрасни групи.

Вработеноста на испитаниците е преовладувачка во јавниот сектор (60,4 %), приватниот сектор (20,8 %), додека има 6,3 % невработени и 4,2 % самовработени или регистрирани по Законот за пензиско и здравствено осигурување. Од оние што се невработени, 57,1 % се пријавуваат во Агенцијата за вработување, додека 42,9 % не се пријавуваат. Што се однесува на образованието, 62,5% се со високо образование, 18,8 % се со средно стручно училиште, 16,7 % навеле дека нивното ниво на образование е друго, а само 2,1% имаат средно училишно образование. Овие податоци сугерираат детална слика за вработеноста и за образовниот профил на испитаниците.

Анализата на испитаниците покажува дека Кисела Вода е добро организирана урбана општина, односно дека сите граѓан(к)и ги имаат во близина основните услуги. Голем дел од нив, 95,83 %, наведуваат дека имаат автобуска постојка на 0-2 км од нивното место на живеење. Овој податок укажува на добро среден јавен транспорт. Исто така, близината до училишта и градинки варира според возраста на децата: на 93,75 % градинката им е на оддалеченост од 0-2 км од домот, додека основните училишта на 89,58 % од испитаниците/чките им е на 0-2 км од домот, а 72,91 % имаат поликлиника на растојание од 0-2 км. Во случај на приватните медицински услуги, значителен дел од испитаниците наведува дистанца од 2-5 км. Во областа на социјалните услуги, значаен број испитаниците имаат библиотека и канцеларија на Општината во радиус од 2-5 км од нивното место на живеење.

Одговорите од испитаниците покажаа неколку значајни аспекти. Само 6,3 % имаат свој бизнис, што открива ниска стапка на претприемништво и потребата од поддршка за негов развој.

Исто така, високите 81,3 % испитаници/чки што не се сопственици на земјиште укажуваат на недостиг на активност во земјоделството. Само 18,8 % се сопственици/чки на земјиште, што може да влијае врз економскиот и развојниот потенцијал на Општината. Ова ја покажува потребата за поддршка и иницијативи за развој на земјоделството и руралниот развој, особено на жената. Се нагласува потребата за разновидни програми и иницијативи што ќе ги поттикнат претприемништвото и развојот на земјоделството, што може да има значително влијание врз економскиот и општествениот напредок на Општината.

Само 2,1 % од испитаниците се сопственици на земјиште (имаат на свое име), 31,3 % имаат автомобил, 41,7 % поседуваат куќа/стан на свое име, 20,8 % имаат заедничка сопственост со сопругот/ата, додека 27,1 % немаат ништо на свое име. Ова укажува и на социјалната положба на населението, што е значајно за анализата на Општината.

Од истражувањето може да се изведе заклучок дека Општината треба да работи повеќе на информирање за можностите. Прво, голем дел од испитаниците (45,8 %) не се запознаени со законската рамка за водење/отпочнување бизнис или регистрација на земјоделска дејност, што укажува на недостаток на информираност во Општината. Второ, висок процент (45,8 %) не е запознаен со субвенциите за поддршка на бизниси и развој на земјоделството, што открива сличен недостаток на информираност. Дополнително, постои значителен дел (14,6 %) кои не сакаат да дознаат повеќе, а само многу мал процент (2,1 %) веќе ги користат субвенциите.

Истражувањето покажува дека 97,9 % од испитаниците не користеле јавна финансиска поддршка за бизнисите или за земјоделството од државата/Општината. Само 2,1 % одговориле позитивно, што го покажува малиот број лица што се обратиле по таква поддршка. Само 4,2 % откриле дека користеле такви средства, додека 95,8 % навеле дека не користеле никакви средства од овој извор. Ова може да има значајни импликации за економскиот развој на заедницата и ефикасноста на програмите за поддршка на бизнисите.

Најчесто, информациите за новините во земјоделските политики и можности за поддршка се добиваат преку јавни гласила како ТВ и радио, што е наведено од 72,9 % од испитаниците. Следуваат средби со општинските претставници, наведени од 14,6 %, и средби со претставници од здруженија и комори, наведени од 4,2 %. Интернет и социјални мрежи користат 45,8 %, преку месни заедници добиваат информации 12,5 %, додека само 2,1 % од друг извор.

Како заклучок, оваа анализа ја нагласува потребата за подобрување на информираноста и јакнење на капацитетите на малите бизниси, што понатаму придонесува кон економски развој на општината.



**Учество во креирање локални политики.** Истражувањето покажува дека повеќето учесници (52,1%) се вклучени во консултациите на Општината за подготовка на годишните програми, но значаен дел (31,3 %) не учествува во нив, додека 16,7 % не се запознаени воопшто со консултациите. Од испитаниците, 52,1 % веруваат дека предлозите од заедницата се вклучени во општинските програми, макар што 35,4 % наведуваат дека не знаат дали тоа е случај. Што се однесува на развојот на заедницата, 54,2 % сметаат дека Општината направила голем напредок во последните 5 години, додека 41,7 % сметаат дека развојот е многу мал. Ова покажува различни перцепции за успешноста на општинските програми и потребата за подобрување на инвестициите и активностите за развој на заедницата.

Испитаниците/чките истакнуваат неколку проблеми што ги сметаат за приоритети во годишните програми, со очекување Општината да ги реши. Меѓу нив се хигиената во Општината, уредување паркови и зелени простори, подобрување на паркинг-просторите, обезбедување паркинзи пред местата на домување, како и подобрување на тротоарите и на улиците.

Исто така, важен аспект што го наведуваат е потребата за вклучување на родовата перспектива. Сметаат дека проблемите и потребите на сите треба да бидат еднакво земени предвид.

# 3. СТРАТЕГИСКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ 2024-2028

## 3.1. Градење ефективен и ефикасен систем на еднакви можности меѓу жените и мажите на локално ниво

За постигнување еднакви можности меѓу жените и мажите, потребно е ефективно вградување на родовите перспективи во сите општествени текови, политики и практики. Пекиншката декларација и Платформа за акција (1995)[2] наведува дека „владите и другите актери треба да промовираат активна и видлива политика на вклучување на родовата перспектива во сите политики и програми, при што пред донесување на одлуките, ќе се направи анализа на нивните соодветни ефекти врз жените и мажите". Вклучувањето на родовите прашања во главните политики претставува (ре)организација, подобрување, развој и евалуација на процесите за креирање на политиките, при што перспективата на еднакви можности меѓу жените и мажите се инкорпорира во сите политики на сите нивоа и фази од актерите што се вообичаено вклучени во креирање на политиките. Главен предуслов за градење ефективен и ефикасен систем на еднакви можности меѓу жените и мажите на локално ниво е, меѓу другото, членовите на Комисијата за еднакви можности меѓу жените и мажите да имаат стратегиска свест, зајакнати капацитети и преку постојни и нови (иновативни) алатки и механизми да се стреми кон еднакви можности меѓу жените и мажите, се разбира, во соработка со сите чинители, вклучувајќи го и граѓанскиот сектор.

**ЦЕЛ: Градењето ефективен и ефикасен систем на еднакви можности меѓу жените и мажите на локално ниво, ќе придонесе кон:**

- Подобрување на политиките за еднаквост и антидискриминација на локално ниво;
- Зголемување на учеството на жените во процесите на одлучување;
- Подобрување на ефикасноста на механизмите за поддршка и унапредување на еднаквите можности меѓу жените и мажите;
- Подобрување на мултисекторската соработка на локално ниво.

[2] Пекиншка декларација и Платформа за акција (1995), достапна на линк: *https://www.un.org/womenwatch/daw/beijing/pdf/BDPfA%20E.pdf*

## 3.2. Вклучување на родовата перспектива во тематски области

Промена на перцепцијата за родовата еднаквост е долготраен и макотрпен процес, но може да се промени само и единствено со промена на општествено поимање на идентитетите, кое ќе овозможува и промовира нестереотипност, а тоа мора да почне од едукација на најмладите (децата од предучилишна возраст). За таа цел, потребно е зајакнување на капацитетите и на перцепциите на воспитниот кадар во градинките, заради надминување на стереотипите за родовите улоги во општеството. Уште повеќе, неопходна е едукација на наставниот и на стручниот кадар во насока на препознавање деца жртви на РБН и родово-базиран булинг. Соработката со сите релевантни државни органи и институции е еден од најважните предуслови за ефикасна борба против родово-базираното насилство и против семејното насилство, секако вклучувајќи го и локалниот граѓански сектор, кој активно работи во оваа специфична област. Од друга страна, економското јакнење и подобрување на положбата на жената е предуслов за реализација на потенцијалите за раст и развој на секоја локална самоуправа. Со зголемено учество на пазарот на труд и со повисока стапка на вработеност, родовата рамноправност добива своја економска димензија. Пред сè, еднакви можности меѓу жените и мажите ќе се постигне само доколку родовата перспектива биде вклучена во сите сфери на општественото живеење: образование, вработување, социјална заштита, здравство, земјоделство и сл.

**ЦЕЛ: Вклучувањето на родовата перспектива во тематски области, ќе придонесе кон:**

- Подобрување на пристапот до услугите од социјалната заштита;
- Подобрување на пристапот до услугите од образованието;
- Подобрување на пристапот до услугите од вработувањето;
- Вклучување на родовата перспектива во здравството;
- Вклучување на родовата перспектива во домувањето;
- Вклучување на родовата перспектива во урбанизам, инфраструктура, комунални услуги, транспорт;
- Вклучување на родовата перспектива во земјоделството;
- Вклучување на родовата перспектива во спортот;
- Вклучување на родовата перспектива во културата.

# 4. АКЦИСКИ ПЛАН

| Стратегиска цел 1: ГРАДЕЊЕ ЕФЕКТИВЕН И ЕФИКАСЕН СИСТЕМ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ МЕЃУ ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ НА ЛОКАЛНО НИВО | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 1.1: Подобрување на ефикасноста на механизмите за поддршка и унапредување на родовата еднаквост** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за еднакви можности | Градење капацитети за родово одговорни политики и родово одговорно буџетирање | Мапирање на потребите за едукација на вработените во општинската администрација и Советот (спроведување прашалници)<br><br>Спроведување обуки за родова интеграција на вработените и Советот | Координатор/ка за еднакви можности меѓу жените и мажите<br><br>КЕМ | Број спроведени обуки; број учесници на обуките (жени/мажи) | 2024 -2025 | / |
| | Воведување механизам за обезбедување родово разделени податоци во програмите и извештаите што се разгледуваат од Советот | Формирање база на податоци<br><br>Редовно ажурирање и достапност на податоци | КЕМ, во соработка со UN Women | Изготвена родова анализа | 2024 | / |
| | Јакнење на капацитетите на механизмите за унапредување на еднаквоста | Обуки/менторство за членови на КЕМ и советници за нивната обврска за промоција и унапредување на еднаквоста и на родовата перспектива при креирање на програмите | КЕМ, Општина, соработка со UN Women | Број одржани обуки, број обучени лица (жени/мажи) | 2024-2025 | / |
| | | Обука на вработените за родово-базирано насилство (посебна обука за вработените во образование) | КЕМ, надворешни експерти | Број одржани обуки, број обучени лица (жени/мажи) | 2024-2026 | 60.000 МКД |

**Специфична цел 1.2: Зголемување на учеството на жените во процесите на одлучување**

| Сектор/ Програма | Мерка/ Проект | Активности поврзани со мерката | Одговорни институции/ актери | Индикатори на успешност | Временска рамка | Планиран буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за еднакви можности | Стимулирање на жените (и жени со попреченост, Ромки и др.) за учество во Советот на месни заедници | Барање до месните заедници (пред сè, руралните) за номинирање претставници од женски пол (пред избори за месни заедници 2025) | КЕМ, месни заедници | Зголемен број жени вклучени во работењето на месните заедници за 40% | 2024-2025 | / |
| | | Обука за месни заедници за РОБ | Координа-тор/ка и UN Women | Обезбедено вистинско учество на жени од ранливи групи (20 % повеќе на консултации/ состаноци) Секоја година во октомври | 2024-2025 | / |
| | | Прашалник за жените и за нивните приоритети во руралните/урбаните средини (на веб-страница и преку состаноци/ консултации со месни заедници) | Координатор/ ка за еднакви можности и одговорен за месни заедници во општината | | / | |
| | | Кампања за зголемено учество на жените (тематски – годишни приоритети) | Координатор/ ка за еднакви можности и КЕМ | | | 30.000 МКД годишно |

**Специфична цел 1.4: Подобрување на мултисекторската соработка на локално ниво**

| Сектор/ Програма | Мерка/ Проект | Активности поврзани со мерката | Одговорни институции/ актери | Индикатори на успешност | Временска рамка | Планиран буџет |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за еднакви можности | Развој на база на податоци за родово-разделена статистика | Собирање податоци од сектори по пол и корисници<br><br>Соработка со ЗЕЛС за развој на платформата за родова статистика<br><br>База на податоци за жртвите на РБН | КЕМ, сите сектори | Детална база на податоци на корисници по програми и пол | Прва половина 2024 | 5.000 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за еднакви можности | Континуирано следење на годишните програми и степен на нивна реализација од перспектива на корисници | Годишни извештаи до МТСП/Сектор за еднакви можности и партиципативно креирање годишни програми | КЕМ | Број родово сензитивни секторски политики/ мерки<br><br>Број креирани нови програми/ мерки, број корисници (жени/мажи) | Прва половина 2024 | / |
| | | Анализа на резултатите по пол и корисници Дефинирање родови индикатори за предложените мерки | КЕМ, сите сектори, надворешни експерти | | Прва половина 2024 | 30.000 МКД |
| | | Креирање нови програми/ мерки во согласност со потребите на корисниците (и консултации со нив) | КЕМ, сите сектори, локален граѓански сектор, надворешни експерти | | Крај на 2024 | 10.000 МКД |

| Стратегиска цел 2:<br>ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Специфична цел 2.1: Вклучување на родовата перспектива во социјалната заштита** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за социјална заштита | Воведување родова перспектива и интерсекциски пристап во давањето на услугите | Собирање родово-разделени податоци во согласност со имплементација на активностите предвидени во Социјален план<br><br>Следење на имплементацијата на Социјален план од родова перспектива<br><br>Анализа на капацитетите на институциите за обезбедување на идентификуваните услуги | Одделение за социјална заштита, локален граѓански сектор, надворешни експерти, Црвен крст | Број корисници разделени по пол/род, етничка припадност, попреченост (да/не и вид попреченост) и место на живеење. | 2024-2028 | 60.000 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за социјална заштита | Подобрување на воспитно-згрижувачки капацитети (градинки, дневни центри и сл.) | Родова анализа (анализа на родов јаз) и идентификување на потреба од зголемен капацитет на градинки и/или дневни центри<br><br>План за реконструкција/зголемување на капацитетите | Одделение за социјална заштита Општина | Број дополнително запишани деца во градинките (девојчиња/момчиња) | 2024- | / |
| Програма за социјална заштита | Обезбедување пристап до сите сервиси и права | Олеснување на пристапот и обезбедување лични документи за идентификација за сите граѓани во општината<br><br>Мапирање лица (девојчиња/жени) без лични документи | Одделение за социјална заштита, МВР, ГО | Број издадени лични документи, разделени по пол на корисници | Контину-ирано | 50.000 МКД |
| Програма за социјална заштита | Едукативни активности за подигнување на свеста за феноменологија на родово-базирано и семејно насилство | Трибина за подигнување на свеста за борба против родово-базирано и семејно насилство и заштитните механизми | Одделение за социјална заштита, МВР, ГО | Број одржани трибини, број учесници на трибините (жени/мажи) | 2024 | 10.000 МКД |
| | Поддршка за развој на сервиси за намалување на родово-базирано и семејно насилство | Финансиска поддршка на ГО даватели на услуги | Одделение за социјална заштита, МВР, ГО | Број кориснички разделени по пол/род, етничка припадност, попреченост (да/не и вид попреченост) и место на живеење. | | 400.000 МКД |
| | | Воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Кисела Вода и други општини во соработка со ГО<br><br>Процена на потреба од советувалишта и пружање психосоцијална поддршка на жртви од РБН | Одделение за социјална заштита, МВР, ГО | Склучен договор за меѓуопштинска соработка | 2024-2028 | 50.000 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за родова еднаквост | Воведување родово сензитивни критериуми при доделување грантови за поддршка на граѓанските организации | Подготовка на методологија за финансирање на ГО, со дополнителни бодувања за проекти од родов аспект | КЕМ Интер-секторска Координатор за еднакви можности Правен сектор | Број доделени грантови за поддршка на ГО, број корисници (жени/мажи) | 202 континуирано | / |
| **Специфична цел 2.2: Вклучување на родовата перспектива во образованието** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за образование | Креирање услови за управување со менструална хигиена и намалување на менструална сиромаштија | Едукативни активности во училиштата за важноста од грижа за менструална хигиена<br><br>План за изградба/ реконструкција на женските тоалети во училиштата (поставување мијалници внатре во самите тоалети)<br><br>Обезбедување бесплатни хигиенски влошки во училиштата | Општината<br><br>МОН<br><br>Во соработка со ГО | Број пристапни тоалети за менструална хигиена во училиштата, број обезбедени бесплатни хигиенски влошки во училиштата | 2024-2028 | 800.000 МКД |
| Програма за образование | Вклучување на родовата компонента во годишните програми на училиштата | Подготовка на Програма за обука (за вклучување на родовата компонента во образовните програми) во основните и во средните училишта<br><br>Спроведување на обуката | МОН Сектор за образование | Зголемен % на застапеност на родова компонента во програмите за 50 % | 2022-2024 | 200.000 МКД |
| Програма за комунални дејности | Овозможување пристап до образование за децата со попреченост | Мапирање на потребите за поставување потребна опрема (пристапни рампи, лифтови и друга потребна опрема и инфраструктура) пред и во училиштата заради слободен пристап на децата со попреченост | МОН, општина | Број поставени пристапни рампи, лифтови и друга опрема пред и во училиштата, | 2024-2028 | 500.000 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за образо-вание | Овозможување пристап до образование за децата со попреченост | Обука за возач за Ц-категорија на општинско возило за транспорт на учениците со попреченост од други средини и негово обезбедување<br><br>Обезбедување потребен број образовни асистенти за ученици со попреченост | МОН, општина | Обезбедено возило за транспорт за ученици од други средини<br>Број ангажирани образовни асистенти<br>Број корисници (жени/мажи) | 2024-2028 | 50.000 МКД |
| Програма за образо-вание | Превенција и спречување на врсничкото насилство | Редовни едукативни активности во училиштата<br><br>Креирање кратки прирачници наменети за учениците од сите возрасти | КЕМ<br>МОН<br>ГО<br>во соработка со психолог, педагог | Број едукативни активности, број учесници (жени/мажи) | 2024 - | 100.000 МКД + донации |
| **Специфична цел 2.3: Вклучување на родовата перспектива во вработувањето** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Одделение за човечки ресурси /ЛЕР | Подготовка и реа-лизација на проекти за олеснување на процесот на вра-ботување на сите граѓани, со акцент на младите, жените и маргинализирани-те групи | Проследување информации од АВРМ и други можности за преквалификација и вработување<br>Поттикнување женско претприемништво<br>Мапирање на невработени за потребите на компаниите<br>Обуки за жени претприемачи | КЕМ, Одделение за ЛЕР, ГО секторот со поддршка од општината, АВРСМ | Број (а) вработени (б) корисници по пол/род, етничка припадност, попреченост (да/не и вид попреченост) и место на живеење. | 2024-2028 | 40.000 МКД<br><br>100.000.000 МКД + донации |
| **Специфична цел 2.4: Вклучување на родовата перспектива во здравството** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за еднакви можности | Подигнување на свеста за водење грижа за сексуалното и репродуктивното здравје | Јавни трибини за сексуалното и репродуктивно здравје | КЕМ Здравствени установи во соработка со ГО | Број едуцирани учесници жени/ мажи) | Контину-ирано | 100.000 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за еднакви можности | Подигнување на свеста за машко и женско здравје | Тематски работилници за превенција на болести (на пример: рак на дојка и рак на простата)<br><br>Флаер | КЕМ Здравствени установи во соработка со ГО | Број работилници, број учесници (жени/мажи), зголемување на превентивните здравствени прегледи за 30% | Континуирано | 100.000 МКД |
| **Специфична цел 2.5: Вклучување на родовата перспектива во домувањето** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за социјални работи и програма ЛЕР | Обезбедување додаток за домување за лица под социјален ризик (станбено необезбедени) | Додаток за домување за лица под социјален ризик, станбено необезбедени во согласност со Правилникот за домување | Општината, Центар за социјална заштита | Број корисници на додаток за домување (жени/мажи) | Континуирано | 100.000 МКД + донации |
| Програма за локален економски развој | Обезбедување достоинствено домување за постарите лица | Учество во проект на УНДП (обуки за негувател(к)и на стари лица)<br>Мапирање на потребна поддршка за домување на постарите лица<br>План за изградба на старечки дом(ови)<br>Поддршка во домот | Општината, МТСП, Црвен крст | Број ангажирани лица<br>Број потенцијални корисници (жени/мажи) | 2024-2028 | 100.000 МКД + донации Проект |
| **Специфична цел 2.6: Вклучување на родовата перспектива во инфраструктурата** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за комунални дејности | Обезбедување пристап во јавни институции и на јавни површини за лица со физичка попреченост | Мапирање на сите места на кои е потребно да се обезбеди пристап за лица со физичка попреченост<br><br>Изградба и поставување пристапни рампи и лифтови наменети за лицата со физичка попреченост<br><br>Нивелирање (порамнување на тротоарите) | Сектор за комунални дејности, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина | Број поставени пристапни рампи и лифтови во јавни институции и површини | 2024-2028 Континуирано (според развојни програми) | 250.000 МКД |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Програма за комунални дејности | Обезбедување пристап до чиста вода за пиење во сите населени места (развојни програми) | Мапирање на сите места на кои е потребно да се обезбеди пристап до вода | Сектор за комунални дејности, инфраструктура, сообраќај и заштита на животна средина | Број реализирани проекти | 2024-2028 Континуирано (според развојни програми) | 250.000 МКД |
| Програма за комунални дејности | Поставување јавни тоалети | Утврдување места на кои е потребно поставување јавни тоалети преку месни заедници (повеќенаменски)<br><br>Набавка и поставување соодветни јавни тоалети | Општината, Сектор за комунални дејности | Број поставени јавни тоалети на соодветни места | 2024-2026 | 2.000.000 МКД |
| **Специфична цел 2.7: Вклучување на родовата перспектива во земјоделството** | | | | | | |
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за ЛЕР | Обезбедување поддршка на рурални жени што се занимаваат со земјоделство | Увид во статистички податоци и истражување (рурални жени се регистрирани земјоделки во општината, примарна или дополнителна дејност, корисннчки на мерки од ИПАРД и од други програми, број жени примателки на земјоделска пензија)<br><br>Работни средби (најмалку 2 годишно) со жени земјоделки<br>ИПАРД инфо-сесии | Одделение за ЛЕР<br>МЗШВ | Број на инфо-средби, број учеснички, зголемување на бројот на корисннчки на мерките од Програмата ИПАРД за 20 % | Континуирано | 300.000 МКД |

| Специфична цел 2.8: Вклучување на родовата перспектива во спортот | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за спорт | Унапредување и поттикнување на женските клубови и спортови, како и предвидување награди за истакнати спортистки | Организација на натпревари заради популаризација на одредени спортови<br><br>Зголемување на бројот на натпревари помеѓу женски клубови со поддршка од Општината<br>Поддршка на женска лига во основните училишта во сите спортови | Одделение за спорт | Зголемена поддршка за женски клубови/ тимови за 30 % | 2024-2028 | / |

| Специфична цел 2.9: Вклучување на родовата перспектива во културата | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Сектор/ Програма** | **Мерка/ Проект** | **Активности поврзани со мерката** | **Одговорни институции/ актери** | **Индикатори на успешност** | **Временска рамка** | **Планиран буџет** |
| Програма за култура | Ревизија и проширување на програмата за култура | Ревидирање на Програмата за култура од родов аспект<br><br>Одбележување настани со фокус на жената | Одделение за јавни дејности | Вклучена родова перспектива во Програмата за култура | 2024 | 120.000 МКД |



# СТРАТЕГИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

2024 – 2028